ИИ286

НОВА МАКЕДОНИЈА, 18328



*НА ДВАЕСЕТИПЕТГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ*

# Бард на македонското сликарство



Никола Мартиноски: Автопортрет, масло на платно

***акад. ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ***

Никола Мартиноски, како и други големи мајстори во историјата на уметноста, многу рано, на 25-годишна возраст, постигна полна уметничка зрелост. Во Букурешт тој ја заврши Високата школа за убави уметности со посебна награда за најталентираните студенти што дипломирале на оваа академија. Не ја прифатил понудата на своите професори да остане трајно во Романија, но затоа во учебната 1927/28 година тргнал да ја прошири својата ликовна култура во Париз. Во 1928 година Мартиноски веќе го пронаоѓа својот ликовен израз и во следната деценија до почетокот на Втората светска војна ќе се пробие до врвот на ликовната уметност на тогашната југословенска држава. Денес, историчарите на уметноста немаат никакви дилеми во оценката дека Никола Мартиноски во овој период спаѓал меѓу водечките европски сликари на тогашната модерна заедно со најугледните имиња на Париската школа.

## АВТЕНТИЧЕН ЛИКОВЕН ИЗРАЗ

Роден е во Крушево во старо угледно богато семејство во деновите кога отоманската војска се пресметувала со востаниците на Крушевската република, потоа се школувал во Скопје, Букурешт и Париз. Потоа, судбински се врза за Скопје, во тоа време град со ориентален изглед што почна да се европеизира. Ја прифатил алтернативата да живее во тогашната културна периферија на Европа, покажувајќи со личен подвиг и со творечки чин дека може да ја надмине клаустрофобијата на патријархалната провинциска средина. Мартиноски, по контактите во европските центри, во Скопје изградуваше автентичен ликовен израз со вистинска артистичка супериорност. Една таква исклучителна појава во македонскиот ликовен простор го привлекуваше вниманието на повеќе историчари на уметноста, философи, писатели и општественици од други средини коишто работеа или престојуваа во Скопје. Но, вистински споменик на личноста и делото на Никола Мартиноски му подигна Борис Петковски, чија втора книга за овој голем уметник деновиве беше промовирана. Додека Никола Мартиноски беше жив, во текот на повеќе години, Борис Петковски уште како ликовен критичар, а потоа и како директор на Музејот за современа уметност, го исполнуваше досието со целосен увид врз преписката на уметникот со истакнати интелектуалци, со интервјуа што му ги даваа преживеаните личности од неговиот културен круг, со членовите на неговото семејство и со систематски исечоци на сите одѕиви во печатот и во периодиката во кои се споменува неговото име од 1927 година до последните изложби. Така почна изградбата на едно вистинско монументално дело со ерудицијата на проучувач којшто, во исто време, суверено ја познаваше и европската уметност на XX век, а особено мајстори на Париската школа и на германскиот експресионизам, меѓу кои се Пабло Пикасо, Амадео Модиљани, Сутин, Кислинг, Шагал, неговиот професор во Париз Жорж Бисиер, а од германските водечки експресионисти Кирхнер, Хекел, Ото Милер, Грос, Ото Дикс. Потоа, Борис Петковски трагаше и по програмските текстови напишани од Никола Мартиноски за значењето на византиската уметност како мост за пронаоѓање на корени за еден сопствен ликовен израз.

Професор д-р Борис Петковски од Никола Мартиноски сознал и еден мошне интересен податок: првите уметнички искуства младиот Мартиноски, како гимназист, ги стекнал кај последниот голем македонски зограф Димитрија Андонов Папрадишки кој го уочил неговиот необичен талент, како што, впрочем, се случило и со неговиот друг значаен современик Лазар Личеноски. После средбата со Папрадишки, татко му се согласил да се запише на букурешката ликовна академија и покрај тоа што во конзервативна македонска средина определба за уметност се сметала како еретичен пат. Долгите проучувања што професор Петковски му ги посвети на делото на Мартиноски придонесоа да напише монографија – модел со суверено владеење на материјата, со негуван јазик, префинети анализи и блескав стил. Точно од оваа монографија се согледува авторот од европската авангарда на своето време кого што по сите проучувања, мораме да го издвоиме од белградскиот интимизам и колоризам и од загрепската социјално ангажирана група „Земја“. Мартиноски ќе се одвои со својот стил и со својата галерија на ликови и портрети од скопската периферија, од граѓанското општество, со циклусот мајки со деца, со светот на Ромите, на социјалното и кафеанското дно, со муралите во локалот Океан и вилата Шкаперда. Потоа, со најрафинирани еротски сцени што се создадени во европското сликарство меѓу двете светски војни. Супериорната цртачка вештина на портретите и фигурите со испечен окер и руменило, со смели лицидни деформации, со експресивност која нема споредби во југоисточниот европски простор беа изведени неговите амали, Роми, питачи, проститутки со кои денес би се гордеела секоја елитна ликовна галерија. Мартиноски лицата ги опсервира бес сарказам, со едно итимно соживување, давајќи му на светот од социјалната периферија човечка димензија со моќта на својата благородна ликовна постапка“. Сите ликовни етапи, колебања и победи на Никола Мартиноски текстуално се вообличени во двете книги на Борис Петковски, дело кое му чини чест на авторот и на историјата на уметноста во Република Македонија.

> ● Денес историчарите на уметноста немаат дилеми во оценката дека Никола Мартиноски се вбројува меѓу водечките европски сликари на модерната. – Д-р Борис Петковски, автор на двете монографии за овој уметник, создаде вистинско монументално дело со ерудиција на суверен проучувач и познавач на уметноста на XX век

## МОНОГРАФИИ ЗА ПОЧИТ

Никола Мартиноски кај сликарските генерации што се оформија по ослободувањето, имаше опсесивно дејство, тој за нив беше парадигма на уметник и педагог. Околу неговата личност се создаваше некој вид митологија за што придонесуваше и неговото отмено, би рекол, господствено однесување, подигнувајќи го угледот на сликарскиот сталеж во Скопје. Свесен на своите ликовни можности и на херојски изодениот пат, по малку интровертен, за луѓето со дарба тој секогаш остануваше отворен со поддршка на генерациите што доаѓаа. Пишувајќи ја монографијата за овој исклучителен творец, професор Петковски целата расположива материја ја подвргна на преиспитување со методологија на историчар на уметноста и со студиозност која не заостануваа зад неговите колеги Миодраг Протиќ и Лазар Трифуновиќ. Д-р Петковски ја имаше и можноста да ги чуе искажувањата на луѓето коишто ги следеа почетоците на Мартиноски живееја со неговиот подем, сакајќи да влијаат врз него. Филозофот Душан Неделковиќ настојуваше да го насочи Мартиноски кон социјалната реалност на Скопје, професорот Антон Колендиќ и професорот Светозар Радојчиќ ги поттикнуваа неговите чисти ликовни вредности. Во скопскиот круг Зоговиќ и Пуриќ сакаа да го видат Мартиноски исклучиво како сликар на социјалниот реализам, отфрлајќи го неговиот артистички рафинман. Тоа беше неговата скопска реалност. Во панорамата на идеи и анализи на делото на Мартиноски возбудлив е фактот на кој укажува Петковски дека еден вистински сликарски великан каков што е Јован Бијелиќ инсистирал Мартиноски да се вклучи во тогашната водечка ликовна група „Облик“ поради високиот респект кон делата на овој уметник. Од уметниците коишто генерациски ми беа поблиски, интересно е сеќавањето на Димитар Кондовски дека неговиот татко како 12-годишно дете го одвел кај Мартиноски, барајќи мислење за првите цртежи што му ги покажал на угледниот уметник. Поддршката на Мартиноски од тој миг била пресудна за неговата определба во ликовната уметност. На крај, да го спомнам и податокот дека по Втората светска војна, при посетата на Скопје, познатиот писател и теоретичар на уметноста Илја Еренбург, современик и пријател на Пикасо и Шагал и на речиси сите уметници на Париската школа, изјавуваше дека од Скопје понесува две изненадувања: фреските во Нерези и сликите на Никола Мартиноски кои треба да се излагаат и да стојат покрај делата на водечките мајстори на Париската школа.

Не делат точно 25 години од времето кога се прекина земниот и визуелен пат на Никола Мартиноски. Во текот на овие години во нашите очи и сознанија нараснуваше митот за Мартиноски, растеше угледот и ликовниот домет на неговите дела, се согледуваше и неговото место во светот на уметноста. Ние што имавме можност повеќе или помалку да го познаваме, имавме чувство на привилегија што сме оствариле контакти или сме запаметиле некои негови размисли за патот низ уметноста.